СИГУРНОСТ-ДП ДООЕЛ
бр. 57-1/24
30.04.2024 год.
СКОПЈЕ

Бр./Nr. 03-129/21
19.04.2024 год./viti

**ПОЕДИНЕЧЕН ДОГОВОР**

врз основа на рамковната спогодба бр.03-129/20 од 29.04.2024 год. за Одржување на ПП апарати од спроведена постапка од мала вредност Бр.05382/2024 (20-МВ/2024)

Овој договор е склучен помеѓу:
ДОГОВОРЕН ОРГАН:„Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта -Скопје„ ц.о.-Скопје, застапувано од Директор Костадин Ацевски, во понатамошен текст како Договорен орган.

(ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР)
Друштво за производство,трговија и услуги „СИГУРНОСТ-ДП" ДООЕЛ Скопје, застапувано од управителот Димитар Петревски во понатамошен текст како Економски оператор.

Член 1

Договорниот орган и Економскиот оператор имаат склучено рамковна спогодба за Набавка на услуги – Одржување на ПП апарати за потребите на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта"-Скопје ц.о. бр.05382/2024(20-МВ/2024) и врз основа на склучената рамковна спогодба произлегува овој поединечен договор.

Член 2

Составен дел на овој поединечен договор е Понудата со усвоените единечни цени од Комисијата за јавни набавки по Оглас за доделување на поединечен договор за јавна набавка бр.05382/2024(20-МВ/2024) и Извештајот од спроведена постапка.

Член 3

Единечните цени ќе бидат важечки за цело времетраење на поединечниот договор и дадени се во наведената табела.
СЕРВИСЕН ПРЕГЛЕД,(ПОЛНЕЊЕ, БОЈАДИСУВАЊЕ И АТЕСТ НА ПП АПАРАТИ - ПО ПОТРЕБА)
Поединечно по апарат со вклучени транспортни трошоци

| Вид на ПП апарат | Бр. | Единечна цена за редовен сервисен преглед без ДДВ | Единечна цена на полнење на ПП апарати без ДДВ | Единечна цена на бојадисување на ПП апарати без ДДВ | Единечна цена на атестирање на ПП апарати без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| S – 1 | 1 | 1,00 | 1,00 | 1,00 | 1,00 |
| S – 2 | 1 | 1,00 | 1,00 | 1,00 | 1,00 |
| S – 3 | 1 | 1,00 | 1,00 | 1,00 | 1,00 |
| S – 6 | 1 | 1.700,00 | 1,00 | 1,00 | 1,00 |
| S - 9 | 1 | 1,00 | 1,00 | 1,00 | 1,00 |
| S – 50 | 1 | 1,00 | 1,00 | 1,00 | 1,00 |
| S - 100 | 1 | 1,00 | 1,00 | 1,00 | 1,00 |
| CO2 - 5 | 1 | 1,00 | 1,00 | 1,00 | 1,00 |
| AFFF-6 | 1 | 1,00 | 1,00 | 1,00 | 1,00 |
| HL - 6 | 1 | 1,00 | 1,00 | 1,00 | 1,00 |
| **ВКУПНО без ддв за ЛИСТА 1** | | **1.709,00** | **10,00** | **10,00** | **10,00** |

РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ПП АПАРАТИ
(За стандардни апарати со боца -полнење со прав) Поединечно по апарат

| Вид на ПП апарат | Бр. | Единечна цена за замена на комплет вентил без ДДВ | Единечна цена за замена на црево без ДДВ | Единечна цена за замена на млазница без ДДВ | Единечна цена за замена на капа-вентил без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| S-1 | 1 | 1,00 | 1,00 | 1,00 | 1,00 |
| S-2 | 1 | 1,00 | 1,00 | 1,00 | 1,00 |
| S – 3 | 1 | 1,00 | 1,00 | 1,00 | 1,00 |
| S – 6 | 1 | 1,00 | 1,00 | 1,00 | 1,00 |
| S – 9 | 1 | 1,00 | 1,00 | 1,00 | 1,00 |
| S - 50 | 1 | 1,00 | 1,00 | 1,00 | 1,00 |
| S-100 | 1 | 1,00 | 1,00 | 1,00 | 1,00 |
| **ВКУПНО без ддв за ЛИСТА 2** | | **7,00** | **7,00** | **7,00** | **7,00** |

РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ПП АПАРАТИ
(За апарати полнети со CO2 и халон) Поединечно по апарат

| Вид на ПП апарат | Бр. | Единечна цена за замена на комплет сигурносен вентил без ДДВ | Единечна цена за замена на млазница со црево без ДДВ | Единечна цена за замена на црево гумено без ДДВ | Единечна цена за замена на млазница PVC без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| CO2 - 5 | 1 | 1,00 | 1,00 | 1,00 | 1,00 |
| HL-6 | 1 | 1,00 | 1,00 | 1,00 | 1,00 |
| **ВКУПНО без ддв за ЛИСТА 3** | | **2,00** | **2,00** | **2,00** | **2,00** |

**РЕКАПИТУЛАР 1**
На вкупно понудени цени за одржување на ПП апарати (поединечно по апарат со вклучени транспортни и други трошоци)

| | Назив на услуга | Листа | Вкупна единечна цена без ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1 | Редовен сервисен преглед | Листа 1 | 1.709,00 |
| 2 | Полнење на ПП апарати | Листа 1 | 10,00 |
| 3 | Бојадисување на ПП апарати | Листа 1 | 10,00 |
| 4 | Атестирање на ПП апарати | Листа 1 | 10,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5 | Замена на комплет вентил | Листа 2 | 7,00 |
| 6 | Замена на црево | Листа 2 | 7,00 |
| 7 | Замена на млазница | Листа 2 | 7,00 |
| 8 | Замена на капа-вентил | Листа 2 | 7,00 |
| 9 | Замена на комплет сигурносен вентил | Листа 3 | 2,00 |
| 10 | Замена на млазница со црево | Листа 3 | 2,00 |
| 11 | Замена на црево гумено | Листа 3 | 2,00 |
| 12 | Замена на млазница PVC | Листа 3 | 2,00 |
| | **ВКУПНО без ддв за РЕКАПИТУЛАР 1** | | **1.775,00** |

**РЕКАПИТУЛАР 2**
ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ПП ХИДРАНТСКА МРЕЖА (хидранти) Поединечно по хидрант со вклучени транспортни трошоци

| | Назив на услуга | Бр. | Единечна цена без ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1 | Мерење на притисок и проток на вода | 1 | 1,00 |
| 2 | Набавка и вградување на црево тревира Ф 52 од 15 м | 1 | 1,00 |
| 3 | Набавка и вградување на пп млазница Ф 52 | 1 | 1,00 |
| 4 | Набавка и вградување на хидрански вентил Ф 52 | 1 | 1,00 |
| 5 | Набавка и вградување на стабилна спојка ф 52 | 1 | 1,00 |
| 6 | Набавка и вградување на вентил 2" со AL спојка | 1 | 1,00 |
| 7 | Фарбање на зиден орман | 1 | 1,00 |
| 8 | Набавка и вградување на зиден орман | 1 | 1,00 |
| 9 | Клуч за хидрант Ф 34 | 1 | 1,00 |
| 10 | Клуч ABC | 1 | 1,00 |
| | **ВКУПНО без ддв за РЕКАПИТУЛАР 2** | | **10,00** |

## Вкупна единечна цена за сервисирање на ПП опрема

| Р. бр | Назив на услуга | Збир на рекапитулари | Вкупна единачна цена без ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1 | Одржување на ПП апарати | Рекапитулар 1 | 1.775,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2 | Одржување на ПП хидранти | Рекапитулар 2 | 10,00 |
| ВКУПНО ЕД.ЦЕНА без ДДВ за РЕКАПИТУЛАР 1 и 2 | | | 1.785,00 |

Вредноста на поединечниот договор не смее да надмине повеќе од 500.000,00 (петстотиниилјади) денари без пресметан ДДВ или 590.000,00 (петстотинидеведесет илјади) денари со пресметан ДДВ.

Член 4

Поединечниот договор се склучува за период од 12 (дванаесет) месеци.

Економскиот оператор е должен да ја следи искористеноста на вредноста на поединечниот договор и во случај да дојде до надминување на поединечниот договор а Договорниот орган нема известување од страна на Економскиот оператор, фактурите нема да бидат прифатени

Член 5

Економскиот оператор е должен да ја изврши услугата предметот на поединечниот договор во рок од 3-5 работни дена по потреба и писмена нарачка од страна на Д.О .

Договорниот орган не е во обврска на целосно искористување вредносно на средствата од поединечниот договор.

Член 6

Економскиот оператор се обврзува да ја изрши услугата, што е предмет на овој поединечен договор по цени кои се во член 3 од од овој поединечен договор,согласно барањата во техничката спецификација од тендерската документација.

Член 7

Економскиот оператор се обврзува во прилог на фактурите да достави работен налог за извршената услуга, потпишан од определено лице на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о. Скопје.

Економскиот оператор издава потврда за извршената услуга

При изготвување на фактурата , носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

-Назив на договорниот орган,место,седиште,даночен број,
-Број и датум на рамковната спогодна
-Видот на услугата која ќе ја изврши од предметот на набавката
-Единечна договорна цена
-Вкупна цена на фактурата
-Валута на плаќање
-Рок на исплата на фактурата
-Прилог кон фактурата уредно заверен и потпишан работен налог со полно име и презиме од двете договорни страни.

НАПОМЕНА: Економскиот оператор е должен фактурите да ги доставува во рок од најдоцна 5 (пет) работни дена по извршување на услугата, со датум на фактура од денот на извршената услуга согласно датумот на работниот налог.

Ако фактурата не содржи работен налог потпишан од Економскиот оператор и Договорниот орган, фактурата нема да биде признаена од страна на Договорниот орган.

Член 8

Во случај на неизвршување на услугата-предмет на овој поединечен договор од страна на Економскиот оператор, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна.

Договорната казна се определува во висина на 0,5 ‰ (промили) за секој ден доцнење, но не повеќе од 5% проценти од вредноста на неизвршената услуга.

Во случај на неизвршување на услугата во рамките на рокот утврден во тендерската документација, Договорниот орган има право по предходно доставено писмено известување до

Економскиот оператор за извршување на услугата, предмет на поединечниот договор, во дополнително оставениот рок од 2 (два) дена, да го раскине поединечниот договор со изјава согласно ЗЈН.

Во случај на став 2 од овој член, Економскиот оператор е должен да му ја надомести штетата на Договорниот орган.

Договорниот орган неможе да бара договорна казна поради задоцнување ако го примил исполнувањето на обврската, а без одлагање не му соопштил на Економскиот оператор дека го задржува своето право на договорна казна при извршена услуга.

Член 9

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Економскиот оператор да го изврши вирмански во рок од 60 (шеесет) дена од првиот нареден ден од денот на прием на фактурата во архивата на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о. Скопје на сметка на Е.О.

Член 10

Квалитетното, односно целосното, совесното и навременото извршување на обврските на поединечниот договор, Економскиот оператор го гарантира со доставена безусловна банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување со висина од 5% од вкупната вредност на овој поединечен договор за јавна набавка со вклучен ддв.

Важноста на поединечниот договор е до вредносно искористување на средствата од поединечниот договор или не подолго од 1 (една) година од денот на потпишување на поединечниот договор.

Со денот на доставување на поединечниот договорот и банковата гаранција до Јавно претпријатите за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о-Скопје, поединечниот договор стапува на сила, односно се отпочнува со реализирање на истиот

Член 11

Со потпишување на овој поединечен договор Договорните страни се обврзуваат дека во целост ќе ги применуваат истите услови од основната рамковна спогодба.

| (ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР) | ДОГОВОРЕН ОРГАН |
| --- | --- |
| ДПТУ „СИГУРНОСТ-ДП" ДООЕЛ Скопје | „Јавно претпријатие за одржување заштита на магистралните и регионалните патишта"- СКОПЈЕ ц.о. |
| УПРАВИТЕЛ | ДИРЕКТОР |
| Димитар Петревски | Костадин Ацевски |

Изработил : В.Маркоска

Контролирал : М.Георгиевска